ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ
ВО БОРЕЧКИ СПОРТОВИ И БОРЕЧКИ ВЕШТИНИ

ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ

Овој водич објаснува што да направите доколку сведочите на злоупотреба, доживеете злоупотреба или сфатите дека сте постапиле на штетен начин.
Се однесува на учесници, тренери, судии, персонал, волонтери, старатели и лидери.

ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ
Заштитата и безбедноста е заедничка одговорност на сите. Не се работи само за реагирање на злоупотреба — туку и за нејзино **спречување, охрабрување да се зборува, внимателно слушање и постапување со грижа секој ден.**

КУЛТУРАТА ШТО ЈА СОЗДАВАМЕ ЗАВИСИ ОД:
- Како **постапуваме**
- Како **комуницираме**
- Како **реагираме**
- Како **се грижиме и се заштитуваме меѓусебно**

ДОКОЛКУ СВЕДОЧИТЕ НА ЗАГРИЖУВАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ИЛИ НАСИЛСТВО

Ова вклучува физичко, психолошко или сексуално насилство, малтретирање, дискриминација, занемарување, нарушување на личните граници или небезбедни практики.

ШТО ДА НАПРАВИТЕ:
- **Не го игнорирајте.** Молчењето може да дозволи штетата да продолжи. Укажете кога нечие однесување е погрешно и неприфатливо.
- **Обезбедете непосредна безбедност** доколку некој е во ризик или опасност.
- **Пријавете ја загриженоста** преку каналите на клубот за заштита и безбедност или за пријавување.
- **Запишете само факти** (што сте виделе/слушнале, кога и каде).
- **Не спроведувајте истрага самостојно** и не реагирајте агресивно при соочувањето.

Да се проговори и реагира помага во заштитата на другите и придонесува за побезбедна спортска средина.

Кофинансирано од Европска Унија

Финансирано од Европската унија. Сепак, изразените ставови и мислења се само ставови на авторот/авторите и не ги одразуваат нужно ставовите на Европската унија или на Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

ДОКОЛКУ ДОЖИВЕЕТЕ НАСИЛСТВО, ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ИЛИ ЗЛОУПОТРЕБА

Насилството никогаш не е прифатливо — и никогаш не е ваша вина.
ШТО ДА НАПРАВИТЕ:

- **Ставете ја вашата безбедност на прво место.**
- **Разговарајте** со лице од доверба, како што е лице задолжено за заштита и безбедност, тренер, старател или стручно лице за поддршка.
- **Користете ги доверливите канали** за пријавување обезбедени од клубот или федерацијата.
- **Побарајте медицинска, психолошка или правна поддршка доколку** е потребно.

Вашата благосостојба е поважна од спортот, перформансите или резултатите.

ДОКОЛКУ СФАТИТЕ ИЛИ НЕКОЈ ПРИЈАВИ ДЕКА СТЕ ПОСТАПИЛЕ НА ШТЕТЕН, НАСИЛЕН ИЛИ НЕСООДВЕТЕН НАЧИН ИЛИ СТЕ НАРУШИЛЕ ЛИЧНИ ГРАНИЦИ

Заштитата и безбедноста значи и преземање одговорност и посветеност кон промена.

ШТО ДА НАПРАВИТЕ:

- **Веднаш прекинете со таквото однесување.**
- **Не го минимизирајте и не го оправдувајте тоа што се случило. Преземете целосна одговорност за вашите постапки. Признајте го влијанието што вашите постапки** го имале врз другите.
- **Не контактирајте ја, не вршете притисок и не обидувајте се да влијаете врз засегнатата личност.**
- **Соработувајте со процедурите за заштита и безбедност.** Бидете искрени во процесите на истрага и прифатете ги последиците, вклучително и суспензија или отстранување од функција.
- **Побарајте едукација, надзор или поддршка за да спречите** повторување на однесувањето.
- **Посветете се на почитувачко и безбедно однесување.**

ПРИДРУЖЕТЕ СЕ НА ДВИЖЕЊЕТО И БИДЕТЕ ДЕЛ ОД ТРАЈНА ПРОМЕНА

СИЛНИ ВО ДУХОТ, БЕЗБЕДНИ ВО ПРАКСА

ВКЛУЧЕТЕ СЕ
ПРИДРУЖЕТЕ СЕ НА ДВИЖЕЊЕТО И БИДЕТЕ ДЕЛ ОД ТРАЈНА ПРОМЕНА

WWW.SAFECOMBAT.EU

SAFECOMBAT